Бр./Nr 09-1052/2
29-05-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава од познат подносител со наводи за постоење на судир на интереси, на 30 - тата седница прво продолжение одржана на ден 18.05.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-1052/1 од 06.03.2019 година доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-1052/1 од 06.03.2019 година.

Предметот со број 09-1052/1 од 06.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1052/1 од 06.03.2019 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител по електронска пошта со наводи дека поранешен градоначалник вработил блиско лице во општината каде е избран на непосредни локални избори, како советник за култура.

Покрај наведеното, во пријавата има наводи дека две лица кои се во брачна врска, се вработени во МВР Прилеп, но и унапредени бидејќи биле членови на политичката партија СДСМ.

По разгледување на пријавата, Државната комисија констатира дека службеното лице, поранешен градоначалник, не ја извршува повеќе оваа функција, по што настаната е промена на фактичката состојба.

Во однос на вработувањата во МВР:

Со член 50 и член 51 од Законот за внатрешни работи, актите за организација на МВР во која се вклучени Управата за безбедност и контраразузнавање и Бирото за јавна безбеденост, се утврдуваат со Уредба донесена од Владата на Република Северна Македонија, додека актот за систематизација на работните места во министерството, во кој се инкорпорирани актите на Бирото и Управата го донесува министерот со претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија. Согласно член 33 од Законот за внатрешни работи, во Министерството вработените имаат статус на: овластени службени лица; административни службеници, согласно Законот за административни службеници и работници согласно Законот за работните односи. Вработувањето во МВР се врши со објавување на јавен оглас согласно член 71, а за работните места кои во актот за систематизација на работните места се утврдени со статус - овластени службени лица, како и за стипендисти на министерството вработувањата се вршат без објава на оглас согласно член 76 од Законот за внатрешните работи. Од причина што актите за организација и

систематизација на работните места во МВР се класифицирани, пракса е во МВР вработувањата да се вршат по член 76, односно без објава на оглас.

Ваквиот принцип на избор на лица кои ќе бидат ангажирани во МВР создава простор за влијание при вработување, состојба на непотизам, клиентелизам и кронизам, создава услови за недоследна примена на здравствените и бебедносните проверки, ги нарушува основните уставни права на граѓаните.

Поради наведените факти, Државната комисија не е во можност да утврди потенцијално влијание од страна на службени лица за вработување или унапредување на нивни блиски лица, по што нема законска можност за натамошно постапување и преземање мерки кон наведените лица.

Државната комисија на седницата одржана на ден 18.05.2020 година констатира дека во пријавата нема доволно елементи врз основа на кои Државната комисија може да постапува согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК